Република Северна Македонија
ЈУМ Центар за социјална работа
Свети Николе
Бр.04-975/6
дата: 30.12.2021 година

Архивски знак ___ Рок на чување ___ К___ год ___ Потпис

Врз основа на член 188 став 6 и член 212 став,10 од Законот за социјалната заштита (Сл. весник на РСМ бр. 104/19, 146/19 , 275/19,302/20 и 311/20 година.) , чл. 20 д од Законот за вработените во јавниот сектор (сл весник на РМ бр. 27/14,199/1427/16,35/16 и 196/16) , в.д.Директорот на ЈУМ Центар за социјална работа Свети Николе , во врска со објавениот интерен оглас бр.04-975/1 од 27.12.2021 година донесе:

# О Д Л У К А

## За избор на кандидат за унапредување по пат на интерен оглас

**1.** За извршител на работно место – Раководител на служба за права од парична помош за општина Свети Николе и Лозово –Стручен службеник од I ниво СОЗ 0303А01002 во ЈУМ Центар за социјална работа Свети Николе во Службата за права од парична помош за општина Свети Николе и Лозово по спроведната постапка за унапредување се избира кандидатот **Мелита Стојкова.**

2. Избраниот кандидат ќе бидат унапреден на работно место објавено во интерниот оглас по конечноста на оваа .

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето од 31.12.2021 год..

4. Одлуката да се објави на огласна табла и на веб страницата на установата .

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

По објавениот интерен оглас бр.04-975/1 од 27.12.2021 година на огласна табла и на веб страната на ЈУМ Центарот за социјална работа Свети Николе за унапредување на еден (1 ) извршител давател на јавна услуга на работно место Раководител на служба за права од парична помош,Стручен службеник од 1 ниво во Службата за права од парична помош за општина Свети Николе и Лозово при ЈУМ Центар за социјална работа Свети Николе, а врз основа на претходно добиена согласност од Министерството за финасии за обезбедени финасиски средства за унапредување на давател на јавна услуга, бр.18-5053/2 од 22.06.2021 година , спроведена е постапка за унапредување согласно Законот за социјалната заштита.

В.д.Директорот на Установата формира Комисија за селекција за унапредување на еден (1 )извршител давател на јавна услуга со Решение бр.04-975/2 од 28.12.2021 година. Од страна на Комисијата за селекција за унапредување ***беше разгледана поднесената пријава*** и документи од потенцијалниот кандидат и оценета е веродостојноста на истите при што е констатирано дека за горенаведеното работно место има поднесено само една пријава од кандидат кои ги исполнуваат општите и посебните услови предвидени во интерниот оглас и истата ги имаат поднесено сите потребни документи.

Врз основа на чл. 212 став 10 од Законот за социјалната заштита, како и врз основа на Записникот од Спроведеното интервју и ранг листа на Комисијата за селекцијата за унапредување бр. 04-975/4 од 30.12.2021 година в.д. Директорот на ЈУМ центар за социјална работа Свети Николе донесе одлука како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА**:Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право на жалба во рок од 8 дена од приемот на истата преку Центарот до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

**Доставено до :**
**-архива**
**-кандидат**

**ЈУМ Центар за социјална работа**
**Свети Николе**
**в.д. Д и р е к т о р**
**Катерина Сенова Конева**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * Јавна установа Меѓуопштински центар за социјална работа * СВЕТИ НИКОЛЕ